Општинско основно училиште
„Ванчо Китанов„ – Пехчево

тел: 033-441-126, факс: 033-441-126, meil: ou-vanchokitanov-pehchevo@schools.mk
ул: Дамјан Груев,, бр.1  Пехчево

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА*

*учебна 2022/2023*



Самоевалуацијата е изработена согласно Правилникот  за начинот и областите за вршење на самоевалуација на основните училишта ( Сл.весник на Р. Македонија бр 19/14), и согласно член 129  од Законот за основно ообразование  (Сл.весник бр.116/19, 229/20). За поквалитетно изготвување направени се голем број на анкети и анализи од страна на тимот.

## Самоевалуацијата е изготвена врз основа на следниве подрачја и индикатори.

### Организација и реализација на наставата и учењето

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**

**Индикатор за квалитет**

**1.1, 1.2, 1.3,**

**3.1, 3.2, 3.3, 3.4 и 3.5**

### Постигања на учениците

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**

**Индикатор за квалитет**

**2.1, 2.2, 2.3**

**3.6, 4.4 и 5.2**

## Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**
**Индикатор за квалитет**
**6.2 и 6.4**

## Управување и раководење

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**
**Индикатор за квалитет**
**7.1**

## Училишна клима и култура

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**
**Индикатор за квалитет**
**5.1, 5.2 и 5.3**

## Соработка со родителите и локалната средина

**Корелација со индикаторите од ИЕУ**
**Индикатор за квалитет**
**5.4**

## Комуникации и односи со јавноста

**Комуникации на ниво на училиште**
**Комуникации на ниво на училница**
**Комуникација со опкружувањето на училиштето**

## Напомена

**Подготвителната фаза и фазата на реализација на самоевалуацијата во училиштето се совпаѓа со процесот на дизајнирање на алатки за сите подрачја и индикатори во нив, за потребите на интегралната евалуација во училиштата**
**(подготовка на регистратор)**

## Комуникации на ниво на училиште

Состаноци на органи и тела

- Состанок на наставнички совет
- Состанок на одделенски совет
- Состанок на стручни активи
- Состанок на менаџерски тим
- Состанок на тимови на ниво на училиште

## Комуникации на ниво на училница

**Комуникација: наставник – ученик**

**Комуникација: ученик – ученик**

## Комуникација со опкружувањето на училиштето

Односи со јавноста:

- Комуникација со МОН
- Комуникација со БРО
- Комуникација со ДПИ
- Комуникација со ДИЦ
- Комуникација со Локална самоуправа
- Комуникација со граѓански здруженија
- Комуникација со бизнис сектор
- Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство
- Комуникација со донатори

| Подрачја на ИЕУ | | Индикатори за квалитет | | Области на самоевалуацијата на училиштата | |
|---|---|---|---|---|---|
| Под-рачје 1 | Наставни планови и програми | 1.1 1.2 1.3 | | Област 1 | Организација и реализација на наставата и учењето |
| Под-рачје 2 | Постигања на учениците | 2.1 2.2 2.3 | | Област 2 | Постигања на учениците |
| Под-рачје 3 | Учење и настава | 3.1 3.2 3.3 3.4 3.5 3.6 | | Област 3 | Професионален развој на наставниците, стручните оработници и раководниот кадар |
| Под-рачје 4 | Поддршка на учениците | 4.1 4.2 4.3 4.4 | | Област 4 | Управување и раководење |
| Под-рачје 5 | Училишна клима | 5.1 5.2 5.3 5.4 | | Област 5 | Комуникации и односи со јавноста |
| Под-рачје 6 | Ресурси | 6.1 6.2 6.3 6.4 6.5 | | Област 6 | Училишна клима и култура |
| Под-рачје 7 | Управување, раководење креирање политика | 7.1 7.2 7.3 | | Област 7 | Соработка со родителите и со локалната средина |

## Тим за самоевалуација:

Координатор:
Добрила Јовевска - Директор

Членови на комисијата :

1. Ивана Крчева – психолог
2. Андријана Мачевска - педагог
3. Јулија Велковска - наставник по предметна настава
4. Елизабета Вучковски - наставник по одделенска настава
5. Олеандра Китански - родител

Предмет на самоевалуацата беа **седум клучни подрачја** кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:

**1.** ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО
- *Работна група:* Љубинка Михаиловска, Ирена Гошев, Емилија Марковска, Јадранка Павловска, Јасминка Ѓорѓиевска, Маја Самарџиски;

2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ
- *Работна група:* Александар Парасков, Ајнура Арнаутова, Валентина Станоевска, Александра Ковачовска-Постоловска, Николина Каракашова;

3. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НА РАКОВОДНИОТ КАДАР

- *Работна група:* Влатко Марковски, Деан Димитров, Наташа Беџовска, Весна Мавровска, Билјана Мазарова, Емилија Станоевска;

4. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

- *Работна група:* Ани Биковска, Афродита Денковска, Ленче Колевска, Оливера Кратевска, Милан Трајановски, Емилија Бакаловска - Цикарска;

5. КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

- *Работна група:* Виолета Ѓорѓиевска, Емилија Димевска, Магдаленка Поповска, Ванчо Сивевски, Зорка Стефановска, Влатко Шалевски;

6. УЧИЛИШНАТА КЛИМА И КУЛТУРА

- *Работна група:* Горан Овчарски, Лидија Голчовска, Жаклина Реџовска, Сашо Таковски, Павлинка Цикарска, Андреј Митровски;

7. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

- *Работна група:* Зоран Вучковски, Евица ХаџиИванова Постолова, Бранко Соколчевски, Елена Поповска, Душка Поповска, Ангела Вучковска.

## Лична карта на училиштето

*Добар наставник е оној кој никогаш не зборува дека знае сè, туку оној кој се сомнева во своето знаење, бидејќи сомнежот е првиот чекор во совладувањето на науката. Добар наставник не е оној кој се истакнува себе си, туку оној кој создава ученици што ќе го надминат неговото знаење. Сепак, знаењето без воспитание е нецелосно, бидејќи животот не се учи, туку се искусува.*

Тргнувајќи од овие постулати, кои се присутни од создавањето на просветителската професија, вкоренети во воспитните и образовни методи на познати филозофи и мислители, Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево е расадник на знаење и воспитание за младите жители, кои своите први чекори во науката ги прават токму кај нас. Оваа воспитно-образовна институција ја покрива целата област на Малешевската висорамнина во областа на малото гратче Пехчево, на надморсака височина од 670-1050 м, во источниот дел на Република Северна Македонија, која е ридско-планинска, неразвиена заради долгогодишната масовна миграција село-град или заради печалбарската традиција, која и денес, за жал е со несмален интензитет. Но, и во такви услови, училиштето ги образува и воспитува дечињата од шест до петнаесет години.

Во почетокот училиштето работи како црковно, а со тек на времето, со разни преобразби минува низ различни форми на граѓанско училиште, од четиригодишно, седумгодишно до осумгодишно основно училиште. Наставата се изведувала на Бугарски или Српски јазик. Од 1944 година наставата се изведува на Македонски јазик. Новото училиште било подигнато дури во 1927/28 година и во него се одржувала настава се до 1975 година, кога била изградена далеку посовремена училишна зграда. Овој податок укажува на тоа дека нашето училиште е образовна институција со големо искуство, традиција и изграден имиџ. Денес во рамките на општинското основно училиште работат и четири подрачни училишта, а едно подрачно училиштет е во мирување.

ООУ „Ванчо Китанов“ својата дејност ја извршува во следните места:

- Пехчево – централно училиште од прво до деветто одделение;
- с. Црник – подрачно училиште од прво до деветто одделение;
- с. Панчарево – подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение;
- с. Робово – подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение;
- с. Умлена - подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение.

## *Подрачје 1*: Организација и реализација на наставата и учењето

| **Број на индикатор за квалитет** | |
|---|---|
| 1.1 | **Организација на наставните планови и програми** |
| 1.2 | **Квалитет наставните планови и програми** |
| 1.3 | **Вонаставни активности** |
| 1.4 | **Планирање на наставниците** |
| 1.5 | **Наставен процес** |
| 1.6 | **Искуства на учениците од учењето** |
| 1.7 | **Оценување (како дел од наставата)** |

**Самоевалуација на училиштето „Ванчо Китанов“, Пехчево**

## *Подрачје 1*: Организација и реализација на наставата и учењето

| | |
|---|---|
| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени?**<br>1. **Обработка на документи** | |
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |

| | |
|---|---|
| ● Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>● Годишни – тематски планирања на наставниците<br><br>● Нормативни акти на училиштето<br><br>● Педагошка евиденција и документација<br><br>● Записници од родителски совети на училиштето<br><br>● Записници од родителски средби<br><br>● Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br><br>● Годишна програма на училиштето<br><br>● Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми | ***Индикатор за квалитет 1.1:*** **Организација на наставните планови и програми**<br>НПП во нашето училиште се реализираат целосно според однапред утврдени прописи од страна на МОН. Во прво, второ и трето одделение се реализира НПП по следните предмети: математика, македонски јазик, англиски јазик, природни науки, општество, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование и слободни изборни предмети и во трето одделение работа со компјутер и основи на програмирањето. Во четврто одделение се реализира настава по: македонски јазик, англиски јазик, математика, историја и општество, природни науки, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, техничко образование и информатика и два слободни изборни предмети. Во петто одделение се реализира настава по: македонски јазик, математика, англиски јазик, ликовно образование, музичко образование, природни науки, историја и општество, техничко образование и информатика, физичко и здравствено образование и два слободни изборни предмети. Во шесто одделение се реализира настава по: македонски јазик, математика, англиски јазик, природни науки, француски јазик, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, историја, географија, информатика, техничко образование и изборен предмет: запознавање со религиите. Во седмо одделение се реализира настава по: македонски јазик, математика, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, историја, информатика, географија, биологија, етика и изборен предмет: Унапредување на здравјето и Вештини за живеење. Во осмо одделение се рализира настава по: македонски јазик, математика, англиски јазик , |

| | |
|---|---|
| ● Покани за учество на семинари<br><br>● Извештаи од анкетирани родители на ученици<br><br>● Застапеност на изборните предмети по паралелки<br><br>● Дневници на паралелките<br><br>● Записници од работата на СУА<br><br>● Подготовка за натпревари<br><br>● Програма со системска промена добиена од БРО во согласност со МОН | француски јазик, германски јазик, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, историја, физика, хемија, биологија, географија, граѓанско образование и изборни предмети:проекти од информатика и вештини за живеење. Во деветто одделение се рализира настава по: македонски јазик, математика, англиски јазик, француски јазик, германски јазик, ликовно образование, музичко образование, иновации, физичко и здравствено образование, историја, физика, хемија, биологија, географија, граѓанско образование и изборни предмети: проекти од информатиика, унапредување на здравјето и програмирање.<br>Нашето училиште нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.<br>Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови/ проектните активности во училиштето.<br>Постојат можности каде што родителите и учениците можат да влијаат врз начинот на реализација на НПП преку обработка на содржини подостапни за учениците, разни предавања од родителите предвидени со НПП соодветни на нивната стручна спрема. |

| | |
|---|---|
| | |
| | ***Индикатор за квалитет 1.2:*** **Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>Од страна на БРО, МОН и стручните служби се организираат семинари за едукација на наставниците. Наставниците ги подготвуваат и осовременуваат наставните програми преку искуства и знаења од разни семинари, воведување на нови проекти. Сите наставници се едуцирани за работа со компјутери. Училиштето преку Настатавнички совет, Совет на родители, Училишен одбор планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност.<br>Наставниот план и програма во целост го помага личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност преку реализирање на содржините од Граѓанско образование, преку проектот на ПМИО, преку одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со психолошко – педагошката служба.<br>Училиштето реализира образование за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивното здравје, болестите ХИВ / СИДА, зависноста од дрога и другите видови на зависности во соработка со локалната средина, здравствениот дом во Пехчево, Противпожарна служба и МВР преку предавања од стручни лица. |
| • Разговор со директорот | ***Индикатор за квалитет 1.3 :*** **Воннаставни активности** |

| | |
|---|---|
| ● Разговор со ученици, наставници и родители<br>● Педагошка евиденција и документација<br>● Програма за дополнителна и додатна настава и СУА<br>● Пофалници<br>● Годишна програма за работа<br>● Благодарници<br>● Анкета<br>● Разговор со стручна служба | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Најголемиот број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за подршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етичка припадност и социјалното потекло. Учениците се вклучуваат во вонаставните активности според сопствен избор. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на вонаставните активности. Учениците со помош и подршка од училиштето и наставниците, работат на проеки, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво. Постојат и се користат средства за афирмирање на вонаставните активности и на производите од нив. |
| ● Годишни, тематски , неделни планирања и дневна подготовка(сценарија);<br>● Разговор со директор, педагог, психолог, наставници;<br>● Записници од состаноците на стручните активи; | ***Индикатор за квалитет 1.4 :*** **Планирање на наставниците**<br><br>Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за подршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од стручните органи.<br>Сите наставници имаат подготвени годишни, тематски, неделни планирања и подготовки за наставен час(сценарија) , односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите и |

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог | стандардите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи, се така планирани за ефективно да се искористи времето и наставниците и на учениците.<br>Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставна работа.<br>Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење меѓнародни искуства и др.<br>Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник.<br>Распоредот на часови го прави директорот во соработка со наставниците и распоредот на нивните часови по подрачните училишта. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување набројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети. |
| ● Инструмент за следење на наставен час;<br>● Увид на час;<br>● Годишни, тематски, дневни планирања; | ***Индикатор за квалитет 1.5:*** **Наставен процес**<br><br>При реализација на наставата постои разновидност во примената на адекватни наставни форми и методи на работа во зависност од содржината на наставниот материјал и креативноста на наставникот. Поголемиот дел од наставниците при реализација на наставните содржини ги користат и техниките: петторед, грозд, вокабулар во четири |

| | |
|---|---|
| ● Годишна програма за работа на директор, педагог и психолог;<br>● Интервјуа со наставници и ученици;<br>● Сертификација на наставници;<br>● Прашалник за наставници;<br>● Прашалник за ученици; | агли, коцка, бинго, ѕвезда на приказната, скелетен приказ, мрежа на темата, дебатна техника, аквариум, дневник со двоен запис, стоп техника, читање на глас, ЗСУ и др. како и употреба на компјутерите во наставата. Од страна на Директорот, педагошко – психолошката служба и ДПИ посетени се наставни часови на кои се применуваа некои од наведените техники. Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго, во зависност од наставната содржина). Често се користат информации од интернет до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ-проект, кој потоа го презентираат пред соучениците. Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура идеи и други. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на Наставнички совет итн. Учениците (машки и женски) имаат подеднаков третман во секој поглед и нема стереотипи за нивните активности. Низ планирањето, реализацијата, евиденцијата и посета на наставни часови, училиштето ја следи и контролира работата на наставниците, но не ја оценува.<br>Во поглед на стимулирањето на учениците, училиштето има подеднаков третман за поттикнување на учење на машките и женските ученици, како и за децата од различно етничко и социјално потекло (обезбедување на учебници, при организирање на екскурзии, за лекови и друго). Тука спаѓа и стимулацијата на учениците преку: напредувањето и оценувањето во редовната настава, учеството на учениците на разни |

| | |
|---|---|
| | натпревари, наградни конкурси и освоени награди и признанија, преку кои учениците во зависност од освоеното место се стекнуваат со право да учествуваат на Конкурсот за добивање стипендии за понатамошно школување. |
| ● Прашалник за ученици<br>● Прашалник за родители<br>● Прашалник за наставници<br>● Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>● Кодекс за однесување | ***Индикатор за квалитет 1.6:*** **Искуства на учениците од учењето**<br><br>Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето). Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и е применливо и корисно во реалниот живот.<br>За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои никаква родова поделеност во училиштето.<br>Учениците исто така вредно работат и на проекти како во самата настава така и надвор од неа преку организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и |

| | |
|---|---|
| | наставниците, активности по повод Денот на дрвото, Патрониот празник на училиштето, во организирање манифестации по различни поводи, хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни екскурзии. |
| ● Годишна програма за работа на училиштето;<br>● Стандарди за оценување;<br>● Критериуми за оценување;<br>● Педагошка евиденција и документација;<br>● Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);<br>● Примери на оценети ученички трудови;<br>● Анкетен прашалник за ученици;<br>● Анкетен прашалник за наставници;<br>● Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>● Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците;<br>● Портфолија на наставници;<br>● Електронски дневник;<br>● Педагошка евиденција и документација; | ***Индикатор за квалитет 1.7*** **Оценување (како дел од наставата)**<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен(1) до одличен(5). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на отворените денови со родителите. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го подржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.<br>Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно). Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. |

| | |
|---|---|
| ● Евидентни листови.<br>● Свидетелства;<br>● Дипломи. | Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. |

## Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

| **Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, наблљудувања, разговор, интервју и сл)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| ● Прашалник за ученици<br>● Прашалник за наставници | Тим за СЕУ | Од анкетираните 53 ученик од кои 30 женски и 23 машки на тврдењето:<br><br>„ **По сопствен избор можам да се вклучам во Слободни ученички активности“ –** од машките најголем дел, 20 ученици или 86,95 % одговориле сосема точно, 2 ученика или 8,7% одговориле со точно во најголем дел и делумно точно одговорил 1 ученик или 4,35%, а од женските во најголем дел сосема точно одговориле 15 ученички или 50 %, а 12 ученички или 40 % одговориле со точно во најголем дел,3 ученички или 10% |

<table>
<tr>
<td>● Прашални за родители</td>
<td></td>
<td>
оговориле со делумно точно.







**„ Условите во училиштето се соодветни за реализација на наставата“**-од машките најголем дел, 22 ученици или 95,65 % одговориле сосема точно, 1 ученик или 4,35% одговорил со точно. Од женските во најголем дел сосема точно одговориле 23 ученички или 76,67%, 4 ученички или 13,33% одговориле со точно во најголем дел и 3 ученички или 10% одговориле со делумно точно.






</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | **„Дисциплината на часот овозможува добра работа“ -** од машките сосема точно во најголем дел одговориле 20 ученици или 86.96 %, точно во најголем дел одговориле 2 ученика или 8,7% и делумно точно одговорил 1 ученик или 4.35%. Од женските сосема точно одговориле 21 ученички или 70%, 8 ученички или 26.67% одговориле точно во најголем дел, а делумно точно одговорила 1 ученичка или 3.33%.<br>**„ Наставниците применуваат ИКТ во наставата“ -** од машките сосема точно одговориле 15 ученици или 65,22%, точно во најголем дел одговориле 6 ученици или 26.09%, а делумно точно одговорил 1 ученик или 4,35% и неточно одговорил 1 ученик или 4,35%. Од женските сосема точно одговориле 13 ученички или 43,34%, точно во најголем дел одговориле 13 ученички или 43,34%, и 4 ученички или 13,33% одговориле со делумно точно.<br><br>**„ Има доволно спортски активности (вон настава)“** - од машките сосема точно одговориле15 ученици или 65,21%, точно |

| | | |
|---|---|---|
| | | во најголем дел одговориле 6 ученици или 26,09%, делумно точно одговориле 2 ученика или 8,7%, а од женските сосема точно одговориле 10 ученички или 33,33%, 15 ученички или 50 % одговориле со точно во најголем дел и 2 ученички или 16,67% одговориле со делумно точно.<br><br>Од анкетираните 36 наставници од кои 26 женски и 10 машки на тврдењето:<br><br>**„Во наставните планови и програми се предвидени содржини преку кои учениците можат да се стекнат со знаења, вештини, ставови и вредности“ -** од машките сосема точно во најголем дел одговориле 6 наставници или 60,00%, точно во најголем дел одговориле 4 наставници или 40,00%. Од женските сосема точно одговориле 12 или 46,15%, точно во најголем дел одговориле 11 наставнички или 42,37%, 2 или 7,69% со делумно точно и неточно одгоборила 1 наставничка или 3,85%.<br> |

**„Користам современи форми и методи при процесот на реализација на наставата**“ - од машките сосема точно одговориле 7 или 70,00%, точно во најголем дел одговориле 3 или 30,00 %, а од женските сосема точно одговориле 20 или 76,94%, точно во најголем дел одговориле 5 или 19,23%, делумно точно одговорила 1 или 3,85%.

**Имам еднаков пристап кон машките и женските ученици во сите фази од наставниот процес“ -** од машките сите 10 или 100% одговориле со сосема точно, а исто и од женските сите 26 или 100% одговориле со сосема точно.







**„Користам повеќе форми и методи на оценување и евидентирање на напредокот на учениците“-** од машките сосема точно одговориле 6 или 60,00%, точно во најголем дел одговориле 4 или 40,00%, а од женските сосема точно одговориле 21 или 80,79%, точно во најголем дел одговилеле 5 или 19,23%.

Од анкетираните 57 родители од кои 34 жени (30 македонки, 1 ромка и 3 турчинки) и 23 мажи (20 македонци, 1 ром и 2 турчин)

| | | |
|---|---|---|
| | | на тврдењето:<br><br>**„Наставниците обезбедуваат двонасочна комуникација со родителите“ -** од машките сосема точно во најголем дел одговориле 16 или 28,07 %, точно одговориле 3 или 5,26%, а делумно точно 3 или 5,26 % . Од женските сосема точно 20 или 35,09% во најголем дел одговориле 13 или 22,81%, делумно точно 1 или 1,75% а неточно одговориле 1 или 1,75.<br>**„Наставниците им помагаат и на оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот“ -** од машките сосема точно одговориле 17 или 29,82 %, точно во најголем дел одговориле 2 или 3,51%, а со делумно точно одговориле 4 или 7,02%. Од женските сосема точно во најголем дел одговориле 28 или 49,12%, точно во најголем дел одговориле 4 или 7,02, делумно точно одговорила 2 или 3,51%.<br><br><br><br><br>**„Наставниците успешно се справуваат со недисциплинираните ученици“ -** од машките сосема точно во |

| | | |
|---|---|---|
| | | најголем дел одговориле 12 или 21.05%, точно во најголем дел одговориле 5 или 8,77%, а со делумно точно одговориле 5 или 8,77%, а неточно 1 или 1,75. Од женските сосема точно во најголем дел одговориле 21 или 36,84%, точно во најголем дел 6 или 10,53% делумно точно 6 или 10,53%, неточно одговориле 1 или 1,75%. |

## Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

| **Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>✓ наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми,<br>✓ наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.<br>✓ Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН,<br>✓ учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители, избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат,<br>✓ наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми,<br>✓ учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари и со тоа вршат лична афирмација и афирмација на училиштето,<br>✓ секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува или на почетокот на годината за целата учебна година или една седмици пред почетокот на секоја нова тема,<br>✓ наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, |

| |
|---|
| ✓ наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта,<br>✓ за реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето,<br>✓ приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот,<br>✓ вклучување на учениците во различни проекти и нивните трудови се истакнувани на видни места во ходниците на училиштето или во самите училници,<br>✓ учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози и преземање одговорност,<br>✓ наставниците водат грижа за образовните потреби насекој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот,<br>✓ за поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите,<br>✓ родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес,<br>✓ со пристап во е-дневникот секој родител може лесно дабиде информиран за оценките и редовноста на своето дете.<br>✓ средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и психологот и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем. |
| **Слаби :**<br>✓ недостасува реализација на отворени часови,организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства,<br>✓ поголемо вклучување на учениците во метод на самооценување, со цел учениците да стекнат претстава затоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење,<br>✓ поголемо вклучување на учениците во воннаставните активности, |

✓ обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите, особено во подрачните училишта.

## Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

**Анализа на резултатите:**

Наставниот план и програма во нашето училиште се реализира целосно според однапред утврдени прописи од БРО и МОН. Наставниците редовно и навремено ја планираат наставната работа. Годишните- глобални, тематски, месечни и дневни оперативни планирања ги изготвуваат според потребните дидактичко – методски барања, а се усогласени со наставниот план и програма. Планирањата содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставна работа. Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, користење на социјалните мрежи и др.

Нашето училиште нуди повеќе изборни предмети, според наставниот план и спецификите на локалната средина. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат.

Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните часови/ проектните активности во училиштето. Од страна на БРО, МОН, некои акредитирани организации се организираат семинари за едукација на наставниците. Наставниците ги подготвуваат

и осовременуваат наставните програми преку искуства и знаења од стекнати од разни семинари, воведување на нови проекти. Училиштето преку Настатавнички совет, Совет на родители, Училишен одбор планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Учениците со помош и подршка од училиштето и наставниците, работат на проеки, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво. Поголемиот дел од наставниците при реализација на наставните содржини ги користат и техниките: петторед, грозд, вокабулар во четири агли, коцка, бинго, ѕвезда на приказната, скелетен приказ, мрежа на темата, дебатна техника, аквариум, дневник со двоен запис, стоп техника, читање на глас, ЗСУ и др. како и употреба на компјутерите во наставата. Од страна на Директорот, педагошко – психолошката служба и ДПИ посетени се наставни часови на кои се применуваа некои од наведените техники. Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго, во зависност од наставната содржина). За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа.

## ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ

- Воведување на нови, актуелни содржини во вонnаставните активности.
- Поголемо вклучување на учениците во самооценување, со цел учениците да стекнат претстава за тоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.

# Подрачје 2: Постигања на учениците

| Бр. Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|
| **2. 1 Постигања на учениците** | Следење на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети, квалификациони периоди и јазикот на наставата.<br>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на наставата.<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната, додатната и дополнителната настава.<br>Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование.<br>Следење на хоризонтлно и вертикално движење на учениците. |
| **2.2 Задржување/осипување на учениците** | Опфат на учениците.<br>Редовност во наставата.<br>Осипување на учениците.<br>Премин на ученици од едно училиште во друго. |
| **2.3 Повторување на учениците** | Ученици кои не ја завршуваат годината. |
| **3.6 Известување за напредокот на учениците**<br>(Во корелација со индикатори за квалитет од МОН и ДПИ – подрачје: Учење и настава ) | Известување на родителите за напредокот на учениците. |
| **4.4 Следење на напредокот**<br>(Во корелација со индикатори за квалитет од МОН и ДПИ – подрачје: Поддршка на учениците) | Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците.<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани? Кои методи се користени?)<br>2. **Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |

- Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2021/22 и 2022/23 година
- Статистички извештај за работата на училиштето
- Одделенски електронски дневници
- Записници од одделенски совети, наставнички совет

**Индикатор за квалитет 1.1: Постигања на учениците**

Училиштето ги следи постигањата на учениците по пол, различна етничка припадност и врши анализа на постигнатите резултати на учениците по паралелки, по наставни предмети, по пол и по етничка основа. Анализата по предмети се врши на полугодие и на крај на учебна година.

Во учебната 2021/22 година од 311 ученици, на крајот од учебната година бројчано се оценети 202 ученици, а 109 ученици се оценети описно. Средниот успех по одделенија: на IV одделение изнесува 3,77, на V одделение 4,16, на VI одделение 3,59, на VII одделение 3,96, на VIII одделение 3,99 и на IX одделение изнесува 3,96. Средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,90.

Што се однесува до успехот на учениците во учебната 2022/23 година, од 299 ученици, на крајот од учебната година бројчано се оценети 93 ученици, а описно се оценети 206 ученици. Средниот успех по одделенија на IV одделение изнесува 4,03, на V одделение 3,64, на VI одделение 3,88, на VII одделение 3,69, на VIII одделение 3,99 и на IX одделение изнесува 4,19. Средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,90. Споредбено, средниот успех на ниво на ООУ последователно две учебни години не се разликува.

Табеларен преглед на успехот, поведението и број на изостаноци во последните две години.

| Учебна година | Среден успех на ниво на ООУ | Поведение | | | Просек изостаноци | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Оправдани | Неоправдани | |
| 2021/22 | 3,90 | 311 | / | / | 21,29 | 1,51 | 22,80 |
| 2022/23 | 3,90 | 297 | / | 2 | 26,30 | 2,59 | 28,89 |

| | |
|---|---|
| | Од табелата може да заклучиме дека во учебната 2022/23 година имаме ист успехот на учениците, зголемување на бројот на оправдани изостаноци и зголемување на бројот на неоправдани изостаноци. За разлика од претходната учебна година, во учебната 2022/23 година бројот на неоправдани изостаноци е зголемен како последица на нередовно посетување на настава, голем број на неоправдани изостаноци на две ученички чие поведение е намалено на незадоволително.<br>Постигањата на учениците училиштето ги подобрува со тоа што користи современи методи и техники на работа: СТОП-техика, петоред, бура на идеи, коцка, венов дијаграм, рамка на поучување и учење, работа во групи, работа во парови/тандем и слично. Исто така, преку користење на дигитални апликации кои наставниците ги користат при реализација на наставни содржини во текот на учебната година се осовременува наставниот процес и се подобруваат постигањата на учениците.<br>Дигитални апликации кои наставниците најчесто ги користат се следните: lms.schools.mk, Microsoft Teams, Microsoft Forms, Microsoft OneNote, Microsoft Outlook, Microsoft Office365, mentimeter.com, padlet.com, TOOLKIDS, G-kompris, Зелен пакет, K-stars и Celestia, eduvideos.mon.gov.mk, GeoGebra, сопствени web страни и сл.<br>Исто така, учениците ги подобруваат своите постигања преку следење на дополнителна и додатна настава која ја реализират наставниците. Преку додатната настава учениците се мотивираат да ги подобруваат своите постигања, преку учество на разни натпревари каде би имале прилика да ги покажат своите лични знаења.<br>Од големо значење за подобрување на постигањата на учениците е соработка во активите, каде наставниците разменуваат искуства, а со тоа се |

| | |
|---|---|
| | подобрува квалитетот на наставата, а аналогно на тоа и постигањата на учениците.<br><br>Идентификација на учениците со потешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби, училиштето врши во прво одделение, како и во текот на редовната настава. Идентификацијата ја вршат одделенските наставници, стручните соработници и во тој случај се разговара со родителите ученикот да се упати на процена на способностите во Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ). Од добиеното мислење се применува индивидуализиран пристап кон ученикот или се изготвува прилагодена програма, но се има потреба од дополнителни обуки за посоодветно изготвување на ИОП, посоодветна идентификација и третман на таквиот тип на ученици.<br>Идентификација на надарени ученици најчесто се врши преку наставниците во соработка со стручната служба во училиштето. Во тој случај учениците се вклучуваат во разни секции каде нивните можности можат оптимално да дојдат до израз. Исто така, со овие ученици се организира и додатна настава. Понатаму, тие своите знаења имаат можност да ги покажат на разни натпревари, од каде редовно се враќаат со освоени места.<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците од еден во друг образовен циклус-премин од одделенска во предметна настава и од основно во средно образование и тоа е предмет на дискусија на наставнички совет со констатација кој ученик го задржа успехот, а кај кој има промена и каква е промената. |

| | |
|---|---|
| ● Списоци на ученици кои посетуваат дополнителна и додатна настава<br><br>● Записници од состаноци на стручни активи<br><br>● Евиденција за постигнати резултати од натпревари<br><br>● Изготвени табеларни прегледи од страна на стручната служба и доставени ДПИ | ***Индикатор за квалитет 2.2:*** **Задржување-осипување на учениците**<br><br>Според Закон за основно образование, училиштето е должно да ги опфати сите ученици од својот реон. Во последните две години, во ООУ во Пехчево, заедно со подрачните училишта, во учебната 2021/22 година, на почетокот беа запишани 317 ученици. Во текот на учебната година се испишаа 6 ученици. Во учебната 2022/2023 на почетокот беа запишани 308, но се испишаа 9 ученици.<br>Во последните две учебни години бројот на миграции на семејствата е зголемен и затоа осипот на учениците е во поголем размер.<br>Во прво одделение се опфатени сите ученици кои се наоѓаат на списокот на МВР, кои што училиштето ги запишува доколку не се отселени. За тие ученици кои се отселени и не се опфатени во нашиот реон, се известува ДПИ надлежен за нашето училиште. Може да се каже дека бројот на ученици од година во година постојано опаѓа.<br>Наставниците редовно ја следат редовноста на учениците. Доколку кај некој ученик се забележи отсуство од настава, се реагира со тоа што се повикува родителот и се запознава со случувањето. Со ученикот се разговара од страна на раководителот на паралелката, а по потреба и со психолог или педагог.<br>Во случај ученикот да има 11 и повеќе неоправдани и 101 и повеќе оправдани отсуства, родителот се повикува на советување од страна на стручната служба. |

| | |
|---|---|
| ● Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2021/22 и 2022/23 | *Индикатор за квалитет 2.3*: **Повторување на учениците**<br><br>Во учебната 2021/22 година еден ученик го повторуваше одделението, односно остана во деветто одделение поради слабиот успех, додека во учебната 2022/23 година немаше ученици кои го повторуваат одделението. |
| ● Евидентни листови<br>● Одделенски електронски дневници<br>● Портфолио на ученик<br>● Индивидуален дневник на наставникот | *Индикатор за квалитет 3.6*: **Известување за напредокот на учениците**<br><br>Училиштето ги известува родителите за напредокот на учениците преку групни и индивидуални разговори, на родителски средби, преку евидентни листови, со давање на пишани повратни информации, преку е-дневник. Исто така, наставниците водат и портфолија за учениците, така што секој родител може во секое време да има увид во постигањата на неговото дете. Одделенските наставници и раководителите на паралелки, на двете тримесечја, на крајот на првото полугодие и на крајот од учебната година поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целата паралелка, и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. |

| | |
|---|---|
| Портфолио на учениците<br><br>● Дневник на наставникот | ***Индикатор на квалитет 4.4:*** **Следење на напредокот на учениците**<br><br>Секој наставник во текот на целата учебна година ги следи постигањата на учениците. Води индивидуален бележник во кој ги бележи сите активности од страна на ученикот (одговори, писмени работи, наставни ливчиња, домашна работа, вклученост во активности кои ги иницира наставникот за време на часот - групно или поединечно, учество во презентации, учество на натпревари и сл.). Преку овие активности, наставниците континуирано ги оценуваат учениците преку формативно и сумативно оценување. Исто така училиштето води грижа за редовноста на учениците, а доколку некој ученик нередовно ја посетува наставата, веднаш се реагира. Се повикува родителот, се известува за напредокот и за отсуствата на ученикот, сè со цел да се надмине проблемот. Доколку на ученикот му се изрекува некоја педагошка мерка, родителот се запознава со тоа.<br>Училиштето го следи успехот на паралелките и врши анализа на истиот, што може да се види во статистичките извештаи. Анализата се претставува и графички. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци (пр. прашалници, анкети, набљудувања)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање** | **Кој беше вклучен во собирање на овие** | **Кои информации се собрани?** |

| податоци | информации | |
|---|---|---|
| Анкета со ученици | Тим за СЕУ | Од анкетираните 54 ученика од кои 30 женски и 24 машки на тврдењето:<br><br>**„Наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на секој ученик“ -** од вкупно 30 анкетирани женски, 23, односно 76,67% одговориле со сосема точно, 7, односно 23,33% одговориле со точно во најголем дел. Од 24 анкетирани машки ученици, 21 или 87,50% одговориле со сосема точно, 2 или 8,33% со точно во најголем дел, 1 ученик или 4,17% со делумно точно. Ови податоци укажуваат на тоа дека учениците се задоволни од следењето на нивните постигања од страна на наставниците.<br><br><br><br>„**Наставниците ги мотивираат учениците и ги поттикнуваат да учествуваат на натпревари“ -** од женските со сосема точно одговориле 23 или 76,67%, 5 ученички или 16,67% со точно во најголем дел и 2 ученички или 6,67% со делумно точно. Од машките, 15 или 62,50% одговориле со сосема точно, |

4 или 16,67% со точно во најголем дел и 5 или 20,83% одговориле со делумно точно. Би констатирале дека учениците се задоволни од начинот на кој наставниците ги мотивираат и поттикнуваат да учествуваат на разни натпревари.







**„Стекнатите училишни знаења ми овозможуваат подобро да се снајдам сега и во иднина“ -** од женските 23 или 76,67% одговориле со сосема точно, 6 или 20 % со точно во најголем дел и 1 ученичка или 3,33% одговорила со делумно точно. Од машките, 21 или 87,50% одговориле со сосема точно, а 3 или 12,50% со точно во најголем дел, што укажува на тоа дека учениците сметаат дека знаењата кои ги стекнуваат во училиштето, им помагаат сега, а ќе им помогнат да ги применуваат и во иднина.

**„Ги поврзувам знаењата стекнати по различни наставни предмети“ -** од женските со сосема точно одговориле 14 или 46,67%, а со точно во најголем дел одговориле 13 или 43,33% и 3 или 10% одговориле со делумно точно. Од машките 15 или 62,50% одговориле со сосема точно, 7 или 29,17% со точно во

| | | |
|---|---|---|
| | | најголем дел и 1 или 4,17% со делумно точно и 1 или 4,17% со неточно, што укажува на тоа дека учениците се задоволни од стекнатите знаења и можат успешно да ги поврзуваат истите. |
| Анкета со наставници<br><br>Разговори и дискусии со наставници | Тим за СЕУ | Од анкетираните 36 наставници од кои 26 женски и 10 машки на тврдењето:<br><br>**„Ги поттикнувам учениците да применуваат правила на работа во групна и тимска работа“ -** со сосема точно од женските одговориле 22 или 84,62%, а со точно во најголем дел одговориле 4 наставнички или 15,38%. Од машките 9 или 90% одговориле со сосема точно и 1 наставник или 10% одговорил со точно во најголем дел. Од ова можеме да заклучиме дека наставниците ги применуваат правилата на работа во групна и тимска работа и учениците умеат да го препознаат и да го вреднуваат тоа.<br><br>„**Водам евиденција за напредувањето на учениците“ -** од женските со сосема точно одговориле 25 или 36,15% , со точно во најголем дел одговорила 1 наставничка или 3,85%. Од машките сите 10 или 100% одговориле со сосема точно, што укажува на фактот дека наставниците водат иднивидуална евиденција за постигањата на секој ученик. |

| | | |
|---|---|---|
| | |   |
| Анкета со родители<br><br>Разговор, мислења и сугестии добиени од страна на родители на ученици | Тим за СЕУ | Од анкетираните 57 родители од кои 34 жени (од кои 2 турчинки и 1 ромка) и 23 мажи (од кои 2 турци и 1 ром) на тврдењето:<br><br>„**Навремено сме информирани за работата, успехот и поведението на учениците“ -** 20 или 86,96% од мажите одговориле со сосема точно, а 2 или 8,70% со точно во најголем дел, 1 или 4,35% одговорил со делумно точно. Од жените, 27 или 79,41% одговориле со сосема точно, 6 или 17,65% со точно во најголем дел, а 1 родител или 2,94% со неточно. Овој податок укажува на тоа дека родителите во најголем дел се задоволни од начинот и навременоста на добивањето информации за напредокот на нивните деца. |







„**Знаењата стекнати во училиштето овозможуваат моето дете подобро да се снаоѓа сега и во иднина“ -** од мажите со сосема точно одговориле 17 или 73,91%, со точно во најголем дел одговориле 5 или 21,74% и 1 или 4,35% одговорил со делумно точно. Од жените, 23 или 67,65% одговориле со сосема точно, 9 или 26,47% со точно во најголем дел, 1 или 2,94% одговорила со делумно точно и 1 или 2,94% одговорила со неточно. Можеме да заклучиме дека училиштето на учениците им дава квалитетни знаења, што и самите родители го препознаваат и вреднуваат.

„**Наставниците ги мотивираат и поттикнуваат учениците да учествуваат на натпревари и конкурси“ -** од мажите со сосема точно одговориле 14 или 60,87%, 4 или 17,39% со точно во најголем дел и 4 или 17,39% одговориле со делумно точно и 1 или 4,35% одговорил со неточно. Од жените со сосема точно одговориле 23 или 67,65%, со точно во најголем дел одговориле 8 или 23,53% и со делумно точно 3 или 8,82%. Можеме да кажеме дека поголем процент од родителите

| | | |
|---|---|---|
| | | искажале позитивно мислење на ова тврдење, но секако е потребно повеќе да се работи во овој правец. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>✓ учениците се задоволни од квалитетот на наставата,<br>✓ родителите се задоволни од стекнатите знаења на учениците,<br>✓ родителите се задоволни од навременото информирање за напредокот на нивните ученици,<br>✓ учениците сметаат дека наставниците водаат евиденција за индивидуалниот напредок за секој ученик,<br>✓ учениците сметаат дека наставниците во голема мера ги мотивираат да ги покажат своите своите можности и способности,<br>✓ училиштето и локалната заедница во голема мера ги промовираат постигањата на учениците. |
| **Слаби страни:**<br><br>✓ учениците од подрачните училишта послабо се мотивирани и поттикнати да учествуваат на натпревари и конкурси.<br>✓ постигањата и личните трудови на учениците недоволно се изложуваат на видливи и јавни места<br>✓ осипување на учениците од година во година. |

# Подрачје 2: Постигања на учениците

**Анализа на резултатите:**

Училиштето ги следи постигањата на учениците по пол, етничка припадност и врши анализа на постигнатите резултати на учениците по паралелки, по наставни предмети, по пол и по етничка основа. Анализата по предмети се врши на полугодие и на крај на учебна година, а по пол и етничка основа се врши на секое тримесечие.

Што се однесува до успехот на учениците во учебната 2021/22 година, на ниво на училиште изнесува 3,90.
Во учебната 2022/23 година средниот успех на ниво на училиште 3,90 и е ист како средниот успех во 2021/22 година.

За разлика од претходната учебна година, во учебната 2022/23 година бројот на неоправдани изостаноци е зголемен како последица на нередовно посетување на настава, голем број на неоправдани изостаноци на две ученички чие поведение е намалено на незадоволително. Имаме зголемување на бројот на изостаноците, и кај оправдани и кај неоправдани, на што е потребно да се обрне поголемо внимание.

Постигањата на учениците училиштето ги подобрува со тоа што користи современи методи и техники на работа. Исто така, преку користење на дигитални апликации кои наставниците ги користат при реализација на наставни содржини во текот на учебната година се осовременува наставниот процес, се подобрува квалитетот на наставата и се подобруваат постигањата на учениците. Учениците ги подобруваат своите постигања преку следење на дополнителна и додатна настава која ја реализират наставниците. Преку додатната настава учениците се мотивираат да ги подобруваат своите постигања, преку учество на разни натпревари каде би имале прилика да ги покажат своите лични знаења.

Од големо значење за подобрување на постигањата на учениците е соработката на ниво на активи и во склоп на професионалните заедници за учење, каде наставниците разменуваат мислења и искуства, со што се подобрува квалитетот на наставата, а аналогно на тоа се подобрува и нивото на постигања на учениците.

Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на учениците со посебни образовни потреби, училиштето врши во прво одделение, како и во текот на редовната настава. Идентификацијата ја вршат одделенските наставници, предметни наставници, стручните соработници, но се има потреба од дополнителни обуки за посоодветно изготвување на ИОП, посоодветна идентификација и посоодветен третман.

Идентификација на надарени ученици најчесто се врши преку наставниците во соработка со стручната служба

во училиштето. Во тој случај учениците се вклучуваат во разни секции каде нивните можности можат оптимално да дојдат до израз, а како една од најзастапените форми на работа со талентирани ученици е додатната настава.

Во поглед на опфатот на учениците, според Закон за основно образование, училиштето е должно да ги опфати сите ученици од својот реон. Во последните две години, во ООУ во Пехчево, заедно со подрачните училишта, во учебната 2021/22 година, на почетокот беа запишани 317 ученици. Во текот на учебната година се испишаа 6 ученици. Во учебната 2022/2023 на почетокот беа запишани 308, но се испишаа 9 ученици. Во последните две учебни години бројот на миграции на семејствата е зголемен и затоа осипот на учениците е во поголем размер.

Сите ученици кои се наоѓаат на списокот на МВР доставен, училиштето ги запишува доколку не се отселени. За тие ученици кои се отселени и не се опфатени во нашиот реон, се известува ДПИ надлежен за нашето училиште. Може да се каже дека бројот на ученици од година во година постојано опаѓа.

Што се однесува до ученици кои го повторуваат одделението, во учебните 2021/22 една ученичка го повторуваше одделението, а во учебната 2022/23 нема ученици кои го повторуваа одделението.

Училиштето постојано ги известува родителите за напредокот на учениците. Се користат повеќе форми, и тоа: групни и индивидуални разговори, родителски средби, преку евидентни листови, со давање ни пишани повратни информации, преку е-дневник, преку водење на портфолио за ученикот. Одделенските наставници и раководителите на паралелки, на двете тримесечја, на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целата паралелка, и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети.

Секој наставник во текот на цела учебна година ги следи постигањата на учениците. Води иднивидуален дневник во кој ги бележи сите активности од страна на учениците. Наставниците континуирано ги оценуваат учениците преку примена на разни методи на формативно оценување, како и завршно, сумативно оценување. Исто така училиштето води грижа за редовноста на учениците, а доколку некој ученик се забележи дека нередовно ја посетува наставата, веднаш се реагира. Се повикува родителот, се известува за отсуствата на ученикот, се со цел да се надмине настанатиот проблем. Доколку на ученикот му се изрекува некоја педагошка мерка, родителот се запознава со тоа. Во случај ученикот да има 11 и повеќе неоправдани и 101 и повеќе оправдани отсуства, родителот се повикува на советување од страна на стручната служба.

Од спроведената анкета со родители, наставници и ученици, може да се заклучи дека скоро на сите тврдења одговорите се задоволителни, иако како училиште треба да се ангажираме да биде уште подобро, што секако во иднина ќе бидат наши приоритети.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

- Поттикнување и зголемување на мотивацијата кај учениците од подрачните училишта за поголемо учество на натпревари и конкурси
- Создавање просторни услови за јавна изложба на постигањата и личните трудови на учениците
- Изнаоѓање на алтернативи за намалување на осипувањето на учениците.

# Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар

| Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, наблљудувања, разговор, интервју и сл.) | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| ● Увид во архивската документација<br><br>● Анкета со ученици<br><br>● Анкета со родители<br><br>● Разговор со наставници | Тим на СЕУ | ***Индикатор за квалитет 3.1 :*** **Наставни средства и материјали**<br>Од опрема училиштето поседува: фотокопир (2), микроскоп (3), ЛЦД проектори (27), принтери (18), електронски табли (27) касетофони(3), ПС компјутери(39), CD и DVD читачи (4), лаптопи за наставниците и служба(49), музички системи (3), електронска музичка табла, bluetooth звучник(2), пијано и интернет мрежа достапна за секој наставник и ученик.<br>Покрај постојните наставни средства за што поефикасно и поуспешно реализирање на наставата, училиштето во сите училници има компјутери, располага со кабинет по информатика кој е опремен со 14 компјутери.<br>Училиштето има спортска сала и спортски терени со игралиште за мал фудбал, ракомет и кошарка.<br>Училишната библиотека располага со книги, прирачници, публикации, списанија, брошури, енциклопедии, стручна литература за наставниците, слободна лектира, детски книги, чиј што број последните две години се зголемува. |

| | | |
|---|---|---|
| ● Семинари , обуки,советувања кои ги посетиле наставниците | Тим на СЕУ | ***Индикатор за квалитет 3.2 :*** **Развој на персоналот**<br>На ден 03.07.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметот Математика.<br>На ден 03.07.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметите Техничко образование и Информатика.<br>На ден 04.07.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметот Музичко образование.<br>На ден 04.07.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметот Физичко и здравствено образование.<br>На ден 27.06.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметите Историја и Географија.<br>На ден 19.06.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметот Македонски јазик.<br>На ден 27.06.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците од одделенска настава.<br>На ден 27.06.2023 одржана обука за новата концепција за основно образование за наставниците по предметот Природни науки.<br>На ден 25.04.2023 одржана обука за изработка на програма за слободен изборен предмет.<br>На 03.11.2022 ,04.11.2022, 15.11.2022, 16.11. 2022 година одржани обуки на тема „Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми“. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На ден 05. и 06. 09.2022 одржана обука за Медиумска писменост и Планирање и реализација на наставата според новата концепција за наставниците од одделенска настава.<br>На ден 30. и 31.08.2022 одржана обука за Планирање и реализација на наставата по природни науки во V (петто) одделение според новата концепција за основно образование и новата наставна програма по природни науки за V (петто) одделение. |

## Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци (пр. прашалници, анкети, набљудувања)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Анкета со ученици | Тим за СЕУ | Од анкетираните 54 ученици од кои 30 женски и 24 машки на тврдењето:<br><br>**„Училишната библиотека располага со доволен фонд на книги за потребите на учениците“ -** од вкупно 30 анкетирани женски, 22 односно 73,33% одговориле со сосема точно, 7 или 23,33% одговориле со точно во најголем дел, 1 или 3,33% со делумно точно. Од 24 анкетирани машки ученици, 18 или 75% одговориле со сосема точно, 4 или 16,66% со точно во најголем |

| | | |
|---|---|---|
| | | дел, 2 ученика или 8,33% со делумно точно и 0 ученика со неточно. Ови податоци укажуваат на тоа дека учениците во најголем дел се задоволни од библиотечниот фонд со кој располага училишната библиотека. Во оваа учебна година се продолжи со набавка на книги и колку што дозволуваат можностите се обновува библиотечниот фонд на книги.<br><br><br><br><br>„**Кабинетите и училниците се опремени со опрема за реализација на настава со примена на ИКТ “ -** од женските со сосема точно одговориле22 или 73,33%, 3 ученички или 10% со точно во најголем дел и 5 ученички или 16,66% со делумно точно. Од машките, 20 или 83,33% одговориле со сосема точно, 3 или 12,5% со точно во најголем дел, 1 ученик или 4,16 % одговорил со делумно точно. Би констатирале дека најголем дел од учениците се задоволни со бројот на компјутери со кој што располага уичлиштето. |
| | Тим за СЕУ | Од анкетираните 36 наставници од кои 26 женски и 10 машки на тврдењето:<br><br>**„Училиштето има доволен број на компјутери за** |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со наставници<br><br>Разговори и дискусии со наставници | | **реализирање на современа настава “ -** со сосема точно од женските одговориле 17 или 65,38%, со точно во најголем дел одговориле 6 наставнички или 23,08% и со делумно точно одговориле 3 наставнички или 11,54%. Од машките 6 или 60% одговориле со сосема точно, 3 или 30% одговориле со точно во најголем дел и 1 наставник или 10% со делумно точно. Од ова можеме да заклучиме дека наставниците во најголем дел се задоволни од бројот на компјутери кои ги поседува училиштето.<br><br><br><br><br><br><br>„**Материјалите за потребите на наставата се обезбедуваат навреме и во доволна количина“ -** од женските со сосема точно одговориле 16 или 61,54% , со точно во најголем дел одговориле 7 или 26,92% и 3 наставнички или 11,54% одговориле со делумно точно. Од машките 4 или 40% одговориле со сосема точно, а 5 или 50% со точно во најголем дел и 1 наставник или 10% со делумно точно, што укажува на фактот дека материјалите кои се потребни за наставата најчесто се обезбедуваат навремено и во доволна количина. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **„Имам потреба од обука по англиски јазик “ -** со сосема точно од женските одговориле 4 или 15,38%, со точно во најголем дел одговориле 8 наставнички или 30,78%, со делумно точно одговориле 7 наставнички или 26,92% и 7 наставнички или 26,92% одговориле со неточно. Од машките 3 или 30% одговориле со сосема точно, 5 или 50% одговориле со точно во најголем дел, 2 наставника или 20% одговориле со неточно. Од ова можеме да заклучиме дека поголем дел од наставниците имаат потреба од дополнителна обука по англиски јазик.     „**Имам потреба од обука (може и повеќе од една) “ -** од страна на поголем дел на наставници не се наведени никакви обуки, додека дел од наставниците се изјасниле за неколку вида на обуки: некои наставници се изјасниле дека секаков вид обука би била добредојдена, а дел се изјасниле за конкретен вид на обука како обука за изготвување на ИОП и работа со деца со посебни потреби. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со родители<br><br>Разговор, мислења и сугестии добиени од страна на родители на ученици | Тим за СЕУ | Од анкетираните 57 родители од кои 34 жени и 23 мажи на тврдењето:<br><br>„**Училишната библиотека може да ги задоволи потребите на учениците “ -** 24 или 70,59% од женските одговориле со сосема точно,6 или 17,65 % со точно во најголем дел, а 4 или 11,76% со делумно точно. Од машките, 17 или 73,91% одговориле со сосема точно, 2 или 8,66% со точно во најголем дел, 4 родители или 17,39% со делумно точно. Овој податок укажува на тоа дека родителите во најголем дел се сосема задоволни од расположливоста на библиотечниот фонд на учениците.<br><br>„**Моето дете има услови за современа настава преку користење на компјутери во наставата“ -** од женски со сосема точно одговориле 21 или 61,76%, со точно 8 или 23,53%, во најголем дел одговориле 3 или 8,82% и со неточно одговориле 2 или 5,89%. Од машките, 15 или 65,22% одговориле со сосема точно, 3 или 13,04% со точно во најголем дел, 4 или 17,39% одговориле со делумно точно и 1 или 4,35% со неточно. Можеме да заклучиме дека училиштето на учениците во најголем дел им овозможува современа настава преку користење на компјутери во наставата. |

## Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар

| **Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости** |
| --- |
| **Клучни јаки страни:**<br>✓ одржани се потребните обуки и семинари за професионално усовршување на наставникот и стручниот соработник,<br>✓ училиштето има доволен број на компјутери за реализација на современата настава ИКТ,<br>✓ училишната библиотека располага со доволен фонд на книги (на обновување на библиотечниот фонд се работи во рамките на можностите).<br>✓ материјалите за потребите на наставата се обезбедуваат навреме. |
| **Слаби страни:**<br>✓ дел од наставниот кадар има потреба од обука за англиски јазик. |

## Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и на раководниот кадар

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| Наставниците и стручните соработници посетиле одреден број на семинари и обуки каде се здобиле со соодветно практично знаење кое го користат и употребуваат во наставата. Секој наставник е обучен да ја користи современата техника за предавање на тематските единици. Има доволен број на компјутери и за користење и употреба на истите.<br>Фондот на книги сосема ги задоволува потребите на наставниците, стручните соработници и учениците, при што нивниот број последните две години се зголемува. |

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

- Да се обезбеди одржување на обука по англиски јазик за дел од наставниот кадар.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

| **Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, набљудувања, разговор, интервју и сл.)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

| | | |
|---|---|---|
| ● Прашалник за наставници<br><br>● Прашалник за ученици<br><br>● Прашалник за родители<br><br>● Непосредни разговори<br><br>● Набљудувања | Тимот за самоевалуација на училиштето | **Подрачје 4:Управување, раководење и креирање политика**<br><br>УО има воспоставено патрнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. Тоа го потврдиле и анкетираните наставници кои биле опфатени со прашалникот за наставници. Од испрашани 36 наставника, од кои 10 мажи и 26 жени, на исказот**: „Тимот на УО има соработка со раководниот орган“** се добиени следниве резултати: од мажите 80% или 8 испитаника одговориле со сосема точно, а 2 испитаника или 20% сметаат дека тоа е точно во најголем дел. Кај жените биле испрашани 26 наставнички од кои 22 или 84,61% одговориле со сосема точно, а 3 или 11,53% одговориле со точно во најголем дел, и 1 или 3,84% одговориле делумно точно.<br><br>   <br><br>**„Раководството на училиштето го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците“** што се гледа и од прашалникот за наставници каде од 10 испитани мажи 8 или 80% одговориле со сосема точно, а 2 или 20% одговориле дека тоа тврдење е точно во најголем дел.Од испрашани 26 жени наставнички 21 или 80,76% |

| | | |
|---|---|---|
| | | одговориле со сосема точно, а 4 или 15,38% одговориле дека тврдењето е точно во најголем дел, и 1 или 3,84% одговориле со делумно точно.<br><br>**„Директорот допринесува за афирмација на угледот на училиштето“ -** Оваа констатација ја потврдиле и учениците и и родителите кои биле испрашани со посебни прашалници за потребите на оваа самоевалуација. Имено од испрашани 54 ученика од кои 24 машки и 30 женски се добиени следниве резултати: 19 ученика или 79,16% сметаат дека тоа е сосема точно, 4 ученика или 16,66% одговориле со точно во најголем дел, а само еден ученик или 4,16% одговорил со делумно точно. Кај девојчињата се добиени слични резултати односно 28 од нив или 93,33% сметаат дека тоа е сосема точно, 2 ученички или 6,66% одговориле со точно во најголем дел. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На истото прашање биле испрашани и 57 родители, 23 мажи (1 ром, 2 турчин) и 34 жени (1 ромка, 3 турчинка). Кај нив се добиени следните резултати: од 16 испрашани мажи одговориле 69,56% одговориле со сосема точно, 5 испрашани мажи или 21,73% одговориле точно во најголем дел, и 2 или 8,69% одговориле делумно точно, додека од 34 испрашани жени 29 или 85,29% одговориле со сосема точно, а 3 или 8,82% дале одговор точно во најголем дел, и 2 или 5,88% дале одговор со неточно.<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во истиот прашалник за родители на прашањето: „**Раководството ја развива меѓусебната соработка со родителите**“ - од испрашани 23 мажи 15 или 65,21% одговориле со сосема точно, 5 или 21,73% одговориле точно во најголем дел, 3 или 13,04% одговориле делумно точно. Додека од испрашани 34 жени со сосема точно одговориле 58,82% (20 родители), со точно во најголем дел одговориле 35,29% (12 родители) и со неточно одговориле 5,88% (2 родители).<br><br>Од сето тоа јасно се гледа дека во поголем дел раководниот орган во училиштето има јасни цели и визија за сите аспекти од работата на нашето училиште.<br><br>Родителите во прашалникот за родители на исказот: „**На родителите им е овозможено вклучување во работата на училиштето“ -** одговориле на следниот начин: од испрашани 23 родители мажи 56,52% (или 13 испитаника) одговориле со сосема точно, 17,39% (или 4 испитаника) одговорил со точно во најголем дел, 17,39% (или 4 испитаника) одговориле со делумно точно, а само 8,69% или 2 испитаника дале одговор неточно. Родителите жени кои биле испитани одговориле вака: од 34 испитанички 14 или 41,17% одговориле со сосема точно, 14 од нив или 41,17% одговориле со точно во најголем дел, 2 испитаника или 5,88% одговорила со делумно точно, и 4 испитаника или 11,76% одговориле со неточно Од овие резултати јасно е воочливо дека раководната структура вложува напор да ја развива што повеќе соработката со родителите со цел остварување на поставените цели. |

| | | |
|---|---|---|
| | |    <br><br>Од меѓусебната комуникација наставник-наставник, наставник-ученик, ученик-ученик може да се даде заклучок дека овие односи се на задоволително ниво. Не постојат случаи на девијантно однесување и тоа го поткрепуваме со фактот што најголем процент од учениците се со примерно поведение, а доста е мал бројот на ученици (двајца) ученици на ниво на училиште се со незадоволително поведение.<br><br>Субјектите во триаголникот наставник-ученик-родител се задоволни од раководството на основното училиште. Се почитиваат меѓусебните односи меѓу сите кои учествуваат во воспитно-образовниот процес и постои доверба во раководството на основното училиште. |

# Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

| Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>✓ раководните структури имаат јасно поставени цели и план за реализација на истите,<br>✓ УО има свој Деловник за работа и се придржува до него,<br>✓ УО има одлична соработка со раководниот орган,<br>✓ Раководниот орган има програма за работа и истата ја спроведува,<br>✓ Раководниот орган воспоставува партнерства и соработка со непосредната и пошироката заедница,<br>✓ Раководниот орган воспоставува тимска работа преку вклучување на вработените при реализација на однапред определени активности,<br>✓ Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика и се засноваат врз Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Развојниот план на училиштето,<br>✓ Училиштето има донесено повеќе интерни правилници со кои се регулира однесувањето на учениците, нивното наградување и изрекување педагошки мерки упис на учениците, водење на е-дневник, менторска работа со приправници и сл.,<br>✓ Постапката за креирање на училишната политика е преку давање предлози и учество на наставниците во различни тимови,<br>✓ Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и учениците,<br>✓ Постои план за развој на училиштето со јасно прецизирани активности и цел,<br>✓ УО,стручната служба и наставниците преку своите активи се вклучени во изработката на развојниот план,<br>✓ Раководниот орган се залага за стручно усовршување на наставниците,<br>✓ Има воспоставено систем на дисеминација на стекнатото знаење,<br>✓ Училиштето навремено ги согледува потребите од материјално-технички средства и планира средства за одржување на постојните. |

**Слаби страни :**

✓ Според спроведената анкета на родителите, наставниците и учениците нема слаби страни.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика

**Анализа на резултатите:**

Според сите податоци кои ги изнесовме напред во ова подрачје можеме да бидеме горди на јаките страни кои се одлика на овој раководен тим во училиштето. Сигурни сме дека истите ќе ги зачуваме и зајакнеме.

Овој раководен тим има јасна визија, план и стратегија како слабите страни да се надминат иако сме свесни дека не постои индивидуа која би можела да ги исполни желбите и интересите на сите ученици, вработени, родители или локалната власт. Се надеваме дека сите напред наведени субјекти ќе имаат разбирање и во рамки на нивните можности ќе добиеме од сите нив финансиска, стручна или секаков друг вид поддршка на нашите потреби.

Сите заедно да веруваме на зборовите на Нелсон Мандела кој рекол:

**„ Образованието е најмоќното оружје кое можеме да го употребиме за менување на светот.“**

| |
|---|
| **ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**<br><br>Училиштето да продолжи со праксата навремено да ги согледува потребите од материјално-технички природа, да биде во чекор со новитетите, да продолжи со креирањето на позитивна политика вклучувајќи ги учениците, родителите, наставниците и сите инволвирани во воспитно-образовниот процес и да продолжи да биде пример за сите институции. |

## Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани? Кои методи се користени?)**<br>3. **Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |

| | |
|---|---|
| ● Записниици од Наставнички совети<br><br>● Записници од Одделенски совети<br><br>● Записници од стручни активи | *Индикатор за квалитет 5.1*: **Комуникации на ниво на училиште**<br><br>Во училиштето редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето. Почнувајќи од месец август кога се одржува првиот наставнички совет, во текот на учебната 2021/22 година се одржани вкупно 10, а во текот на 2022/23 се одржани 11 наставнички совети. На истите е расправано за актуелни тековни проблеми (распределба на часови, раководства, разгледување на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето, како и многу други тековни работи)<br>Одделенските совети се одржуваат редовно пред секоја родителска средба (по два пати во едно полугодие) и по потреба вонредно од горенаведените периоди. На одделенските совети, одделенските раководители ги изнесуваат успехот и редовноста на учениците. Наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потеба, донесуваа заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување, исто така се утврдува и успехот на учениците кои биле упатени на продолжителна настава.<br>Стручните активи се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања, споделуваат искуства од посетени обуки, семинари и разменуваат мислења. Се посветува внимание на работата на наставниците ментори и нивната соработка со наставниците приправници. За одржувањето и работата на стручните активи редовно се водат записници кои се достапни кај претседателите на активите.<br>На ниво на училиште постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена.<br>- Тим за самоевалуација<br>- Тим за меѓуетничка интеграција<br>- Тим за изготвување на годишната програма на училиштето<br>- Тим за изготвување на програмата за екскурзија |

| | |
|---|---|
| | - ЕКО одбор |
| ● Евиденција од посетени часови од страна на директорот<br><br>● Годишен извештај за работата на училиштето<br><br>● Записници од извршени посети од страна на компетентни лица од БРОи ДПИ<br><br>● Списоци на ученици кои учествуваат во проекти | ***Индикатор за квалитет 5.2:*** **Комуникација на ниво на училница**<br><br>Секој наставник се труди да воспостави позитивна двонасочна комуникација, односно комуникација наставник-ученик. Наставниците ги поттикнуваат учениците да го искажат своето мислење, ги мотивираат за повисоки постигнувања, подеднакво се однесуваат спрема женските и машките ученици, ја набљудуваат работата на учениците и им помагаат доколку има потреба за тоа. Наставниците користат вербална и невербалмна комуникација со учениците. Вербалната се состои во тоа да тие со зборови го одобруваат кажаното од страна на учениците, ги дополнуваат вербално или преку преформулација на прашаањето се трудат да ги мотивираат учениците дадојдат до правилното решение или одговор, додека невербалната комуникација се состои и се применува со климање со глава, одмавнивање, со блага гестикулација и сл. Во училиштето комуникацијата ученик-ученик можеме да кажеме дека е на солидно ниво. Учениците работат во групи по дадени упатства од наставникот, соработуваат, се надополнуваат, заеднички се договараат за презентација, ги почитуваат правилата во групата и во училницата. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училиштето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците. Севкупно можеме да кажеме дека постои позитивна комуникација ученик-ученик |

| | |
|---|---|
| ● Примероци од склучени договори<br><br>● Списоци на осигурени ученици | *Индикатор за квалитет 5.3:* **Комуникација со окружувањето на училиштето**<br><br>-Комуникацијата со МОН на ниво на нашата општина се одвива преку одговорниот соработник за образование Душко Миовски. Сите побарувања од страна на МОН се исполнуваат навремено и потребите податоци се испраќаат во дадените рокови, од страна на психологот на училиштето и директорот.<br>- Комуникацијата со БРО е позитивна и се одвива според потребите и побарувањата. Интензивно се соработува околу учебниците и сите обврски околу приемот и употребата на истите. Организираните семинари или обуки од страна на БРО се редовно посетени од наставниците кои се цел на истите или пак од стручната служба и директорот, во зависност од темите.<br>- Нашето училиште го посетуваат и претставници од ДПИ како инспекторот Сузана Секуловска и при таквите посети оствaруваме позитивна комуникација. Инспекторот посетува часови на одделни наставници, дава повратна информација за впечатоците, и по потреба упатства ако треба некаде да се дејствува. Податоците и документите кои се побарани се секогаш дадени на увид од директорот, психологот, педагогот или секретарот на училиштето.<br>- Комуникацијата со ДИЦ најчесто ја остварува директорот или наставникот ментор на наставник приправник.<br>- Комуникацијата со локалната самоуправа се остварува преку разни состаноци на директорот и членови на локалната самоуправа. Се соработува во разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето, на почетокот на учебната година па до разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето, во тек на целата година. По потреба и претставници на локалната самоуправа учествуваат на состаноци во училиштето.<br>- Нашето училиште остварува комуникација со неколку Граѓански здруженија. Тука учествуваат разни наставници или стручната служба и директорот и по |

| | |
|---|---|
| | потреба инволвираните посетуваат семинари и исполнуваат обврски кои произлегуваат од таквата соработка.<br>- Што се однесува до бизнис секторот имаме комуникација во разни полиња:<br>-Патник и Маршал Травелкако туристички агенции и најдобри понудувачи, организираа екскурзии за учениците кои беа спроведени во соработка со наставниците<br>-Андон Компани остварува соработка со училиштето како превезувач,<br>-Рики Јуниор има склучено договор со нашето училиште за набавки на потрошни, канцелариски материјали<br>-Winner осигурување ги прави осигурителните полиси за нашите ученици, а за наставниците Македонија осигурување VIENNA INSURANCE GROUP.<br>- Остваруваме комуникација со други образовни институции во Р Македонија и истата е секогаш позитивна. Активно соработуваме со ЈУДГ „7 Септември“-Пехчево, ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ - Берово, ООУ „Никола Петров Русински“ – Русиново, СОУ „Ацо Русковски“ - Берово и сл.<br>Се учествува на прослави и програми организираниод страна на споменатите училишта, се промовира нашата традиција и култура. Исто така и тие учествуваат или ги следат нашите програми по разни поводи како на пример училишен патронат. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. |

## Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста

| |
|---|
| **Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, наблљудувања, разговор, интервју и сл.)** |

| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| ● Разговор со директорот (наставнички совет)<br><br>● Набљудување, разговор со директор и наставници (одделенски совет) | Тим за самоевалуација на училиштето | **5.1 Комуникација на ниво на училиште**<br><br>*<u>Комуникација: на состаноци на органи и тела</u>*<br><br>*а) Наставнички совет*<br><br>Директорот секогаш навремено го информира наставничкиот совет за одржувањето на состаноците, како и за претстојниот дневен ред на состанокот кој се планира. Дневниот ред уредно се става на гласање т.е усвојување и директорот побарува и дозволува дополнување на истиот од страна на наставниците. Предлозите за дополнување се прифаќаат и ставаат на дневен ред секогаш кога некој од присутните има што да додаде. Освен предлозите, исто така и идеите или мислењата на дадените предлог точки слободно се изложуваат и дискутираат и се почитуваат различните мислења.<br><br>*б) Одделенски совет*<br><br>На состаноците на одделенските совети, членовите уредно присуствуваат и учествуваат во дискусиите. Се разгледуваат поединечно и успехот и поведението на учениците и од страна на одделенските раководители се посочуваат ученици со поголем број на отсуства (оправдани или непоправдани) или ученици со проблеми со дисциплината, и наставниците зедно пронаоѓаат начини за постапување по одредените теми. Се |

| | | |
|---|---|---|
| ● Разговори со претседатели на стручни активи<br><br>● Разговори со координатори на тимовите | | донесуваат и усвојуваат дисциплински мерки со цел да се влијае на подобрување на дисциплината, а со тоа и на целокупниот наставен процес. Исто така се разменуваат мислења за надарените ученици, као тие да се стимулираат или наградуваат.<br><br>*в) Стручни активи*<br><br>Од разговорите со претседателите на стручните активи заклучивме дека членовите редовно и одговорно ги посетуваат закажаните состаноци. Се дискутира и за учениците со проблеми со дисциплината како и за талентираните ученици и се донесуваат одлуки за најсоодветни методи или техники, приоди кон одредени истакнати случаи. Се споделуваат искуствана од посетени обуки и семинари, а исто така се разменуваат и корисни материјали кои служат за работа на час или подготовка на часови.<br><br>*г) Училишни тимови*<br><br>Комуникацијата и во училишните тимови се одвива позитивно. Членовите се мотивирани да учествуваат во своите тимови, да разменуваат мислења, да даваат предлози, да изнесат мислење, и при тоа сегогаш се почитуваат идеите и различните видувања. Заеднички се доаѓа до заклучоци и се утврдуваат следни чекори и обврски дали за членовите поединечно или за тимот во целост. Членовите прифаќаат дека заедно со координаторите на тимовите раздачите правилно и рамномерно се назначуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| ● Разговори со наставници, ученици, стручна служба, директор | | **5.2 Комуникација на ниво на училиница**<br><br>*<u>а) Комуникација: наставник- ученик</u>*<br><br>Комуникацијата во наставата претставува размена на пораки помеѓу наставникот и ученикот. Можеме да кажеме дека во нашето училиште, кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена комуникација наставник-ученик. Може да се каже дека е присутно взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните грешки, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Избегнуваат да создаваат конфликтни ситуациии помеѓу наставник-ученик. Учениците слободно можат да го искажат своето мислење. Наставниците внимателно ги слушаат учениците кога зборуваат, избегнуваат да ги прекинуваат додека зборуваат, се трудат да ги ислушаат до крај. Честопати ги мотивираат и со невербален говор, со што ги поттикнуваат учениците да бидат слободни во искажувањето на одговорите и своето мислење. Се трудат во паралелката да одржуваат позитивна и пријатна атмосфера за работа, со што ја зголемуват желбата на учениците да се активираат за време на часот. Со учениците разменуваат идеи како да го подобрат учењето, или идеи кои се од полза за учениците.<br><br>б*<u>) Комуникација: ученик-ученик</u>*<br><br>Комуникацијата ученик-ученик се одвива на задоволително ниво. Учениците се одговорни кога треба да се изработи некоја |

| | | |
|---|---|---|
| ● Разговор со директор<br><br>● Разговор со претставници на МОН, БРО, ДПИ<br><br>● Разговор со директор, стручна служба, претставници на граѓански здруженија<br><br>● Разговор со директор<br><br>● Разговор со | | задача, работат тимски, се даваат предлози и се донесуваат решенија кои се најдобри за разрешување на некој проблем или исполнување на задачата. Меѓусебно добро соработуваат, се сослушуваат еден со друг, даваат можност секој да го каже своето мислење. Добро ги прифаќаат новодојдените ученици, им даваат поддршка на послабите, се трудат да им помогнат, до извесна мера покажуваат трпение и толерантност кон ученици кои не ги почитуваат училишните правила, но во исто време и го искажуваат своето несогласување со некое несоодветно однесување на поедини ученици, пријавувајќи ги кај раководителите на паралелката, стручната служба или кај директорот.Кога ќе се појави некоја конфликтна ситуација, учениците со помош на наставниците, стручната служба или директорот се трудат да ги разрешат до крај ситуациите, искрени се едни спрема други, покажуваат разбирање и емпатија кон соучениците, но во исто време се и реални, со што полесно се надминуваат недоразбирањата и конфликтите. Таквиот однос овозможува да има добра и позитивна комуникација меѓу нив, со што се избегнува продлабочување на настанатиот проблем.<br><br>**5.3 Комуникација со окружувањето на училиштето**<br><br>*а) МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ*<br><br>Од разговорите со директорот можеме да заклучиме дека постои позитивна и двонасочна комуникација помеѓу нашето училиште и МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ. Се разменуваат податоци кои се потербни за ефикасно и непречено функционирање на |

| | | |
|---|---|---|
| директор и стручна служба | | воспитно образовниот процес, се посетуваат семинари и обуки за потребни, целни групи или проблематики и заеднички се делува за успешни следни чекори и напредок.<br><br>*б) Локална самоуправа*<br><br>Во овој дел комуникацијата се одвива редовно и позитивно. Се одржуваат состаноци по потреба како во училиштето така и во општината. За престојните состаноци секогаш се добива навремено известување, но исто така навремено и уредно се потврдуваат и присуствата на поканетите или пак отсуствата кога за тоа има причина. Состаноците се консултативни или информативни по потреба и секогаш од заеднички интерес. Треба да се наведе и дека комуникација со општината т.е Градоначанликот остварија и учениците од нашето училиште (трето и четврто одделение) со цел запознавање на седиштето и градоначалникот за потребите за реализација на наставната програма. Во комуникација со локалната самоуправа би ги наброиле и заедничките настани огранизирани од страна на општината или пак училиштето каде учество земаат и двете страни како: Одбележување на денот на пролетта и Денот на екологијата.Позитивната комуникација се одвива на сите нивоа и преку сите служби.<br><br>*в) Граѓански здруженија*<br><br>Комуникацијата со граѓанските здруженија се одвива со потребниот интензитет во зависност од активностите и работата на здруженијата, во даден временски период. Вклучените |

| | | |
|---|---|---|
| | | членови од училиштето ја одржуваат потребната комуникација со претставниците од здруженијата и секоја страна уредно ги извршува своите задачи.<br><br>*г) Бизнис сектор*<br><br>Комуникацијата со бизнис секторот се подобрува и оваа учебна година училиштето доби донација 16,80 m$^3$ (24 метри просторни) дрва за огрев од компанијата Би Груп 18 ДООЕЛ Пехчево. Но сепак училиштето и бизнис секторот треба да работат на подобрување на комуникацијата.<br><br>*д) Други образовни институции во Р Македонија и странство*<br><br>Што се однесува до соработката со други воспитно образовни институции од општината или од соседните општини, училиштето има соработка со ЈУДГ „7$^{ми}$ Септември“- Пехчево, ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ - Берово, ООУ „Никола Петров Русински“ – Русиново, СОУ „Ацо Русковски“ - Берово.<br><br>Би кажале дека соработката и комуникацијата со сите напред споменати институции е взаемна, континуирана и секогаш позитивна. |

## Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста

| **Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости** |
|---|

**Клучни јаки страни:**

- ✓ добра и континуирана соработка со МОН, ДПИ, ДИЦ, БРО, локална самоуправа,
- ✓ добра соработка на членовите во тимовите,
- ✓ добра соработка помеѓу членовите на стручните активи,

**Слаби страни:**

- ✓ недоволна комуникација со бизнис-секторот
- ✓ недоволна и слаба комуникација со потецијални донатори

# Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Би кажале дека соработката и комуникацијата со сите напред спомнати институции е взаемна, континуирана и секогаш позитивна.<br>Почнувајќи одтоа дека во училиштето редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето каде наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потреба, донесуваат заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување. Па ќе се надоврземе на стручните активи кои се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања, споделуваат искуства од посетени обуки, семинари и разменуваат мислења. И ќе заокружиме со работата на тимовите на ниво на училиште постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена.<br>Можеме да кажеме дека во нашето училиште, кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена комуникација наставник-ученик. Може да се каже дека е присутно взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните грешки, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Избегнуваат да создаваат конфликтни ситуациии помеѓу наставник-ученик. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училишптето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците, со кој факт се истакнува вредноста на работата, на взаемно вложен труд кој се разбира води до успех. Може да се каже дека е присутно взаемно почитување меѓу наставниците и учениците.<br>Комуникација со други образовни институции во Р Македонија исто така оствaруваме и истата е секогаш позитивна се остваруваат заеднички средби, прослави, гостувања и разменувања на искуства.<br>Од разговорите со директорот можеме да заключиме дека постои позитивна и двонасочна комуникација помеѓу нашето училиште и МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ. Се разменуваат податоци кои се потербни за ефикасно и непречено функционирање на воспитно образовниот процес, се посетуваат семинари и обуки за потребни, целни групи или проблематики и заеднички се делува за успешни слени чекори и напредок.<br>Позитивната комуникација се одвива на сите нивоа и преку сите служби во локалната самоуправа. И таквата соработка вродува со заеднички успех и донесување соодветни и навремени решенија на секоја ситуација. |

## ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ

- Интензивирање на комуникацијата со бизнис-секторот;
- Зголемување на соработката со донатори.

# Подрачје 6: Училишна клима и култура

| **Број на индикатор за квалитет** |
|---|
| **6.1 Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>**6.2 Промовирање на постигањата**<br><br>**6.3 Еднаквост и правичност** |

# Подрачје 6: Училишна клима и култура

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани? Кои методи се користени?)**<br>4. **Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |

| | |
|---|---|
| ● Кодекс на однесување<br><br>● Психолошко-педагошка евиденција<br><br>● Дневници<br><br>● Годишен извештај на училиште<br><br>● Годишна програма за работа на училиштето<br><br>● Записници од родителски средби | *Индикатор за квалитет 6.1:* **Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>Препознатливо по квалитетот на работата на наставниците и по угледот од страна на родителите и сите заинтересирани структури во општина Пехчево па и пошироко во регионот е ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево. Главните правци на работењето на училиштето произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето.<br>***Мисијата*** на нашето училиште е „Создаваме здрава училишна клима за учење на учедниците од сите етнички заедници“.<br>***Визијата*** на нашето училиште е „Сакаме нашето училиште да биде средина во која учениците од различни етнички заедници ќе доаѓаат со задоволство затоа што наставата во него ќе биде современа, ефикасна, квалитетна, мултиетнички интегрирана и прилагодена на потребите и интересите на учениците, опкружувањето, наставниците и државата“.<br>Ова е сликата на училиштето кон која целиме во иднина. Во тоа веруваме сите и сите заеднички се водиме од едно и единствено **мото**:<br>***„Сите во акција за ново, современо, динамично и ефективно училиште!“***<br>Училишната клима е една од компонентите на внатрешната училишна структура. Таа преставува секојдневен амбиент во училиштето, којшто е одраз на тоа како во него се чуствуваат и однесуваат наставниците, учениците и другите субјекти во училиштето.<br><br>Цели на создавањето на позитивна клима се:<br>-воспоставување уредна и пријатна средина за работа;<br>-воспоставување систем на вредности;<br>-воспоставување на атмосфера на ред и дисциплина.<br>Учениците од ист или различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. |

| | |
|---|---|
| | Во насока на позитивна училишна клима спаѓа и грижата на училиштето за безбедноста и здравјето на учениците(систематски, стоматолошки прегледи, вакцина и ревакцина). Училиштето е обезбедено со видео надзор во сите делови од ходниците каде најчесто се движат учениците. За време на малите и големите одмори има по шест дежурни наставници и три хигиеничари, два наставници и еден хигиеничар на приземје и по два наставници и еден хигиеничар на првиот и вториот кат.<br>Постојат многу аспекти што ги прават учениците и наставниците од двата пола горди на своето училиште: взаемно почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината, хигиената, опременоста на училниците со компјутери (компјутер за секое дете), постигање солидни резултати на регионални и државни натпревари. Наставниците взаемно соработуваат и се почитуваат помеѓу себе и на ниво на стручни активи.Во текот на годината за подобро запознавање помеѓу самите наставници како и дружење и забава се организираат разни прослави и свечености: Нова година, Божиќна паричка,прослава по повод 8 Март, патрониот празник на училиштето 21 Мај, „Св.Кирил и Методиј“- Денот на Сесловенските Просветители. На крајот на учебната година самите наставници си организираат еднодневна или дводневна екскурзија низ Р. Македонија или надвор од неа.<br>Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината, како кај машките така и кај женските ученици од различно етничко потекло, се минимални, а училиштето на таквите проблеми реагира со разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот. |

| | |
|---|---|
| | ***Индикатор за квалитет 6.2:*** **Промовирање на постигањата**<br><br>Училиштето става голем акцент на промовирање на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниците ги мотивираат учениците, ги потикнуваат да учествуваат на разни конкурси, училишни, регионални и државни натпревари, каде истите постигнуваат солидни резултати. Личните изработки и трудови на учениците се изложуваат во кабинетите,училишните холови, на социјалната мрежа Фејсбук, веб страната на општина Пехчево. Преку соработката со локалната самоуправа, а по повод разни манифестации кои се организираат од нивна страна, нашето училиште зема активно учество. Во таа насока, учениците ги изложуваат своите лични изработки на плоштадот или во училишниот хол.<br>На крајот на учебната година на предлог на учениците од завршните одделенија на Наставнички совет се избира првенец/ци на генерацијата. На завршната манифестација Директорот на училиштето им врачува пофалници и симболична награда со книга на првенец/ци на генерацијата, на ученици кои имале континуирано одличен успех, а воедно постигнале и резултати во натпревари на знаење и конкурси. |

| | |
|---|---|
| | *Индикатор за квалитет 6.3 :* **Еднаквост и правичност**<br><br>Училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување. Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување пропишано со Кодексот на однесување.<br>Во поглед на промовирање на правичност и еднаквост на децата, училиштето води постојано грижа во секој поглед. Така, на одделенските часови, наставниците ги промовираат правата на децата, а на родителските средби ги запознаваат со правата и обврските на децата. Стручната служба, наставниците и другите вработени во училиштето еднакво ги почитуваат правата на децата независно од нивната социјална, економска, верска, образовна или национална припадност.<br>Влијание врз еднаквоста и почитувањето на правата на децата имаат посетите на часовите и постојаното следење на наставниците од страна на директорот и стручнатаслужба (психолог и педагог). Стручната служба редовно ја следи работата и залагањето на наставниците и нивниот однос кон учениците. Учениците се запознаваат со другите култури и етнички заедници преку наставниот материјал, како и преку промовирањето на почитувањеи меѓусебна толеранција од страна на наставниците. |

# Подрачје 6: Училишна клима и култура

| **Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, набљудувања, разговор, интервју и сл.)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| Анкета со родители<br><br>Разговори, дискусија со наставници и педагошко-психолошка служба | ТИМ за СЕУ | **Резултати од спроведена анкета**<br><br>Од спроведената анкета од вкупно 57 анкетирани родители (23 родители од машки пол и 34 родители од женски пол) на тврдењето **„Се чувствувам добредојдено во училиштето“ –** 73,9% (или 17 испитаника) од родителите од машки пол се чуствуваат добредојдено во училиштето, точно во најголем дел одговориле 21,7 (или 5 испитаника), 2,3% (или 1 испитаник) одговорил делумно точно. Родителите од женскиот пол добредојдено се чувствуваат 88,2 % (или 30 испитаника), во најголем дел 8,8% (или 3 испитаника) и неточно 2,9% (или 1 испитаник).<br><br>    |

| | | |
|---|---|---|
| | | На тврдењето „**Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Советот на родители“ –** 52,1% или 12 од родителите од машки пол и 55,8% или 19 од родителите од женски пол одговориле сосема точно, 30,4% или 7 од родителите од машки пол и 35,2% или 12 од родителите од женски пол одговориле точно во најголем дел, 17,3% или 4 од родителите од машкот пол одговориле делумно точно и 8,8% или 3 испитаника од женскиот пол.<br><br>На тврдењето „**Имам добра соработка со раководителот на паралелката и стручната служба во пратењето на развојот на моето дете**“ **–** 86,9% или 20 од родителите од машки пол и 91,1% или 31 од родителите од женски пол одговориле сосема точно,5,8% или 2 од родителите од женски пол одговориле точно во најголем дел и 8,6% или 2 од испитника од машкиот пол, а додека 4,3% или 1 од родителите од машки пол одговориле делумно точно. 2,9% или 1 испитаник од женскиот пол одговорил неточно.<br><br>  |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со ученици | | Резултати од спроведена анкета од вкупно 54 анкетирани ученици (23 ученици од машки пол и 31 ученици од женски пол, 3 со турска националност, 5 Рома и 1 Бошнак)<br><br>По спроведената анкета 65,2% или 15 од учениците од машки пол 74,1% или 23 од учениците од женски пол се согласуваат со мислењето дека „**Училиштето не запознава со нашите права**“, 34,7% или 8 од учениците од машки пол и 22,5% или 7 од учениците од женски пол точно во најголем дел се согласуваат со ова, а само 1 или 3,2% од учениците од женскиот пол не се согласуваат со тврдењето.<br><br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со наставници | | На тврдењето **„Наставниците не ги делат учениците според пол, вера и етничка припадност“–** 95,6% или 22 од учениците од машки пол и 90,3% или 28 од учениците од женски пол одговориле сосема точно, 9,6% или 3 од учениците од женски пол одговорила точново најголем дел и 4,3% или 1 од учениците од машки пол одговорил со неточно.<br><br>На тврдењето **„Наставниците подеднакво ги почитуваат сите ученици“**– 78,2% или 18 од учениците од машки пол и 74,1% или 23 од учениците од женски пол одговориле сосема точно, 13,0% или 3 од учениците од машки пол и 19,3% или 6 од учениците од женски пол одговориле точно во најголем дел, 6,4 % или 2 од учениците од женскиот пол одговориле со делумно точно и само 8,6% или 2 од учениците од машки пол одговориле со неточно.<br><br><br><br>На тврдењето **„Постигањата на учениците и нивните лични трудови се изложуваат во кабинети, училишни холови, фејсбук, веб страна на училиштето“** – 56,5% или 13 од |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците од машки пол и 70,9% или 22 од учениците од женски пол одговориле сосема точно, 30,4% или 7 од учениците од машки пол и 19,3% или 6 од учениците од женски пол одговориле точно во најголем дел. На истото тврдење 13,0% или 3 од учениците од машки пол, и 3,2% или 1 ученик од женскиот пол одговориле делумно точно. 6,4% или 2 ученика од женскиот пол одговориле со неточно.   |
| | | Резултати од спроведена анкета од вкупно 36 анкетирани наставници (10 од машки пол и 26 од женски пол). На тврдењето **„Во училиштето се негува позитивна социјална клима, меѓусебна соработка и почит“ -** 100% или 10 од наставниците од машки пол и 76,9% или 20 од наставниците од женски пол одговориле сосема точно, додека 19,2% или 5 од наставниците од женски пол одговориле точно во најголем дел. На истото прашање 3,8% или 1 од наставниците од женски пол одговориле со делумно точно. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>







На тврдењето **„Редовно користам прилика за пофалување и признавање на позитивните постапки и успех кај учениците“** - 100% или сите 10 од наставници од машки пол и 92,3% или 24 од наставниците од женски пол одговориле сосема точно а само 7,6% или 2 од наставниците од женски пол одговориле точно во најголем дел.

Имено 80% или 8 од наставниците од машки пол и 80,7% или 21 од наставниците од женски пол на **„Наставниците постојано ги насочуваат учениците како да ја почитуваат сопствената култураи како да ги почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници во училиштето“** одговориле со сосема точно**.** На истото прашање 20% или 2 од наставниците од машки пол и 19,2% или 5 од наставниците од женски пол одговориле точно во најголем дел.

</td>
</tr>
</table>







На тврдењето **„Во училиштето има добра работна атмосфера“** - 100% или 10 од наставниците од машки пол и 84,6% или 22 од наставниците од женски пол одговориле сосема точно. На истото прашање 15,3% или 4 од наставниците од женски пол одговориле точно во најголем дел.






# Подрачје 6: Училишна клима и култура

| **Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br><br>✓ високи етички норми на однесување,<br>✓ позитивна клима и култура,<br>✓ ефективна комуникација меѓу наставниците,<br>✓ взаемно почитување помеѓу наставниците и учениците,<br>✓ донесен е интерниот Правилник за пофалби и награди на учениците. |
| **Слаби страни:**<br><br>✓ поголема отвореност кон иницијативите и сугестиите од страна на родителите. |

# Подрачје 6: Училишна клима и култура

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| Училиштето има обезбедено еднаквост и правичност за сите ученици пропишано со Кодексот на однесување.<br>Односот помеѓу наставниците и односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување пропишано со Кодексот на однесување. Учениците од ист или од различен пол или од различно етничко потекло се однесуваат пријателски, пристојно и меѓусебно се почитуваат. Проблемите кои се присутни во врска со поведението и дисциплината се минимални и резултат на мал број ученици, а училиштето на таквите проблеми реагира со разговори со педагошко-психолошката служба, родителите, наставниците и директорот.<br>Взаемното почитување на сите субјекти во училиштето, редот и дисциплината во училиштето, хигиената, опременоста со компјутери, постигање на одлични резултати на регионални и државни натпревари се работи со кои се гордеат сите, како во училиштето така и надвор од него.<br>Со реализација на вон-наставните активности, додатната и дополнителна настава, голем број на секции им се овозможува на учениците, како на машките така и женските, да учествуваат на многу натпревари (училишни,регионални и државни) и притоа да се постигнат високи резултати.<br>Личните изработки и трудови на учениците се изложуваат во кабинетите,училишните холови, на социјалната мрежа Фејсбук, веб страната на општина Пехчево и регионалните медиуми. На крајот на учебната година согласно Инертниот Правилник за пофалби и награди на учениците на Наставнички совет по предлог на наставниците се избира ученик на генерација (ученик од деветто одд.). |

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

- Подобрување на етосот во училиштето со цел поголема целисходност, почитување и отвореност што ќе рефлектираат со добро однесување и личен развој;
- Редовна соработка и интерес за успехот на учениците, со посебен акцент на воспитната дејност.

# Подрачје 7: Соработка со родителите и со локалната заедница

| **Број на индикатор за квалитет** |
|---|
| **7.1 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** |



# Подрачје 7: Соработка со родителите и со локалната заедница



| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани? Кои методи се користени?)**<br>5. **Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Документи кои се прегледани** | **Кои информации се собрани** |
| ● Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен)<br>● Записници од Совет на родители | ***Индикатор за квалитет 7.1:*** **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**<br><br>Училиштето превзема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Секогаш е отворено за соработка и на почетокот на учебната година |

| | |
|---|---|
| ● Записници од родителски средби<br>● Анкети и интервјуа со директор, родители, наставници и стручна служба<br>● Планирање на групни и индивидуални родителски средби<br>● Педагошка евиденција и документација (табела, распоред за консултативни и информативни разговори)<br>● Записници и одлуки од состаноци од Советот на родители<br>● Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br>● Записници за родителски средби на ниво на паралелки<br>● Анкети со родители за изборен предмет, екскурзии, ученички натпревари<br>● Документација за добиени спонзорства и донации<br>● Организирање на трибини, дебати, предавња на родителите на учениците од IX одд.<br>-разгледување на конкурси за | родителите се запознаваат околу тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници, одделенските раководители и стручната служба. За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби кога родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување.<br>- Но, во зависност од потребите може да се закаже и дополнителна родителска средба каде ќе се решаваат актуелните проблеми.<br>По спроведената анкета, 82,46% од родителите (47 родитела) се согласуваат со тврдењето дека **„Училиштето организира доволно родителски средби“,** и 10,53 % (или 6 родитела) се согласуваат дека точно во најголем дел училиштето организира доволно родителски средби и 7,02% од родителите (4 родитела) делумно се согласуваат.<br><br><br>Согласно со законот за основно образование во училиштето има формирано тело Совет на родители во кој членуваат родители, претходно избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите се членови во највисокиот орган на управување - Училишен одбор. Родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците. Исто така, родителите одлучуваат за наставните екскурзии и одбираат на кој начин таа ќе |

| | |
|---|---|
| запишување<br>-организирање на забавна полуматурска вечер | се реализира во однос на превоз и сместување.<br>Родителите се вклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи, кореографии и костимографии. Родителите се поттикнувани постојано да учествуваат во едукативните работилници и предавања организирани од страна на училиштето, а се однесуваат на личната безбедност и заштита на учениците.<br>Родителите на учениците со посебни образовни потреби имаат можност целосно да се вклучат во образовниот процес на нивните деца. Сите родители имаат можност целосно да се вклучат во работата и животот на училиштето да даваат свои сугестии, предлози, насоки и идеи. На спроведената анкета, 82,46% од родителите (47 родители) се чувствуваат добредојдено во нашето училиште и одговориле со сосема точно, 14,04% (8 родители) се согласуваат во најголем дел, 1,75% (1 родители) делумно се согласуваат со ова тврдење и 1,75% (1 родител) не се согласуваат со тврдењето. 82,46% (47 родители) од нив се согласуваат дека училиштето навремено ги информира за сите промени и новини, 14,04% (8 родители) се согласуваат во најголем дел, 1,75% (1 родител) делумно се согласуваат дека училиштето дозволува родителите да даваат свои идеи и предлози и 1,75% (1 родител) не се согласуваат со тврдењето. |

## Подрачје 7: Соработка со родителите и со локалната заедница

| **Собирање на податоци ( II) кои други методи се користени за собирање на податоци? ( пр. прашалници, анкети, набллъудувања, разговор, интервју и сл.)** | | |
|---|---|---|
| **Други методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за родителите | ТИМ за СЕУ | Анкетата е извршена на 57 родители од кои 50 се македонци, 5 турци и 2 роми. Од анкетираните 57 родител, од кои 23 мажи и 34 жени на тврдењето:<br><br>**„Училиштето ја поттикнува соработката со родителите“ -** од анкетираните мажи со сосема точно одговориле 13 или 56,52%, со точно во најголем дел 6 или 26,09%, со делумно точно 4 или 17,39%. Од анкетираните жени со сосема точно одговориле 26 или 76,47% жени, со точно во најголем дел одговориле 6 жени или 17,65%, со делумно точно одговориле 2 или 5,88%. Од вкупно анкетираните родители со сосема точно одговориле 39 или 68,42%, со точно во најголем дел 12 или 21,05%, со делумно точно 6 или 10,53%.<br><br><br><br><br>-Од извршената анкета заклучуваме дека училиштето ја во најголем дел ја поттикнува соработката со родителите.<br><br>**„Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Советот на родители“ -** од анкетираните мажи со сосема точно одговориле 14 или 60,87%, со точно во најголем дел 5 или 21,74%, со делумно точно 4 или 17,39%. Од анкетираните жени |

| | | |
|---|---|---|
| | | со сосема точно одговориле 21 или 61,76%, со точно во најголем дел 9 или 26,47%, со делумно точно 4 или 11,76% . Од вкупно анкетираните родители со сосема точно одговориле 35 или 61,40%, со точно во најголем дел 14 или 24,56%, со делумно точно 8 или 14,04%.<br>-Од извршената анкета заклучуваме дека училиштето во поголем дел ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Советот на родители.<br><br>**„Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Училишен одбор -** од анкетираните мажи, со сосема точно одговориле 14 или 60,87%, со точно во најголем дел 4 или 17,39%, со делумно точно 5 или 21,74% и со неточно 0 или 0%. Од анкетираните жени со сосема точно одговориле 20 или 58,82%, со точно во најголем дел 11 или 32,35%, со делумно точно 3 или 8,82% и со неточно 0 или 0%.<br><br><br><br><br>**-** Од извршената анкета заклучуваме дека училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на Училишен одбор. |

**,,Имам добра соработка со раководителот на паралелката и стручната служба во пратењето на развојот на моето дете“,** од анкетираните мажи, со сосема точно одговориле 20 или 86,96%, со точно во најголем дел 2 или 8,70%, со делумно точно 1 или 4,35% и со неточно 0 или 0%. Од анкетираните жени со сосема точно одговориле 31 или 91,18%, со точно во најголем дел 2 или 5,88%, со делумно точно 0 или 0% и со неточно 1 или 2,94%.

-Од извршената анкета заклучуваме дека родителите имаат добра соработка со раководителот на паралелката и со стручната служба во следењето на развојот на своите деца.

**,,Училиштето организира доволно родителски средби“ -** од анкетираните мажи, со сосема точно одговориле 17 или 73,91%, со точно во најголем дел 5 или 21,74%, со делумно точно 1 или 4,35% и со неточно 0 или 0%. Од анкетираните жени со сосема точно одговориле 30 или 88,24%, со точно во најголем дел одговориле 1 или 2,94% и делумно точно 3 или 8,82%.







-Од извршената анкета заклучуваме дека училиштето орга-

| | | |
|---|---|---|
| | | низира доволно родителски средби. |
| Прашалник за наставници | ТИМ за СЕУ | Анкетата е извршена на 36 наставници од кои 10 мажи и 26 жени. На тврдењето:<br><br>**,,Учеството на натпревари и конкурси е во согласност со родителите“ -** од анкетираните мажи со сосема точно одговориле 9 или 90%, со точно во најголем дел одговорил 1 или 10%. Од анкетираните жени со сосема точно одговориле 23 или 88,46% и со точно во најголем дел 3 или 11,54%. Од вкупно анкетираните наставници со сосема точно одговориле 32 или 88,89%, со точно во најголем дел 4 или 11,11%.<br>**-**Од извршената анкета заклучуваме дека натпреварите и конкурсите се во согласност со родителите.<br><br><br><br><br>**,,Постои соработка со родителите“ -** од анкетираните мажи со сосема точно одговориле 8 или 80%, со точно во најголем дел одговориле 2 или 20%, а од анкетираните жени со сосема точно одговориле 21 или 80,77%, со точно во најголем дел 4 или 15,38%, со делумно точно 1 или 3,85%. Од вкупно анкетираните наставници со сосема точно одговориле 29 или 80.56%, со точно во најголем дел 6 или 16,67%, со делумно точно 1 или 2,78%. |

| | | |
|---|---|---|
| | |   |
| Прашалник за учениците | ТИМ за СЕУ | Анкетата е извршена на 54 ученика од кои 24 ученици и 30 ученички (45 македонци, 3 турци, 5 роми, 1 бошњак). На тврдењето:<br><br>**„Организирањето на ученичките екскурзии е во договор со родителите“ -** од анкетираните ученици со сосема точно одговориле 23 или 95,83%, со неточно 1 или 4,17%, а од анкетираните ученички со сосема точно одговориле 29 или 96,67%, а со точно во најголем дел 1 или 3,33%.<br>    |

## Подрачје 7: Соработка со родителите и со локалната заедница

| Резултати: овде да се даде кратко образложение на клучните јаки страни и слабости |
|---|
| **Силни страни:**<br><br>✓ училиштето е отворено за соработка со локалната заедница, локалните стопански организации, фабрики, културни центри и други надворешни правни и физички лица,<br><br>✓ соработка со образовните институции на државно ниво. |
| **Слаби страни:**<br><br>✓ недоволно користење на е-дневникот од страна на родителите. |

## Подрачје 7: Соработка со родителите и со локалната заедница

| Анализа на резултатите: |
|---|
| Од извршената анкета, разни групни разговори, дискусии, може да се каже дека училиштето превзема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Секогаш е отворено за соработка и на почетокот на учебната година родителите се запознаваат околу тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници, одделенските раководители и стручната служба. За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби кога родителите детално се запознаваат со постигнувањ<br><br>ата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување. |

**ИДНИ АКТИВНОСТИ-ПРИОРИТЕТИ**

- Зголемување на процентот на користење на е-днивникот од страна на родителите, со цел добивање навремени информации за нивните деца;

- Воспоставување контакти со други училишта и образовни институции во државата.

**ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево**
***Директор***
Добрила Јовевска
______________________________

**Училишен одбор при**
**ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево**
***Претседател***
______________________

ou-vanchokitanov-pehchevo@schools.mk